РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-1511
19.05 2025 год.
ПРОБИШТИП

Согласно Одлуката за одобрување на субвенционирање на граѓани, жители општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди во 2025 година и утврдување на начинот, условите и постапката за субвенционирање, бр.26-92/11, донесена на 27.01.2025 година, од страна на Советот на општина Пробиштип и согласно Програмата за подршка на локален економски развој и заштита на животната средина на Општина Пробиштип за 2025 година бр.26-805/23 од 10.12.2024 година, Градоначалникот на општина Пробиштип објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За субвенционирање на граѓаните на Општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уред за 2025 година**

**1.Опис на јавниот повик**

Општина Пробиштип со цел да ги стимулира жителите на Општина Пробиштип (домаќинствата) за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените средства за инвертер клима уреди купени во тековната година.

Субвенционирањето на граѓаните, жители на општина Пробиштип за набавка на инвертер клима уреди ќе се финансира од Буџетот на Општина Пробиштип за 2025 година - ПРОГРАМА ЗА ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2025 ГОДИНА и Подпрограма за заштита на животната средина, а вкупната вредност за субвенционирање по оваа мерка изнесува 1.500.000 денари со вклучени средства за исплата на персонален данок.

Висината на поединечната субвенција по барател/домаќинство ќе изнесува 10.000 денари со вклучен персонален данок на доход.

Субвенционирањето ќе се врши во рамките на планираните буџетски средства по принцип „прв дојден–прв услужен„.

Исплатата на субвенцијата ќе се врши врз основа на донесено Решение од Градоначалникот на општина Пробиштип.

**2.Право на учество на јавниот повик**

Секој барател кој поднел барање за субвенционирање за набавка на инвертер клима уред треба да ги исполнува следните услови:

- Да е жител на општина Пробиштип
- Инвертер клима уредот да е купен во тековната година за која е распишан Јавниот повик, се до завршување на Јавниот повик, односно до исцрпување на средствата од Буџетот на Општина Пробиштип за субвенционирање за купување на инвертер клима уреди
- Да нема искористено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на инвертер клима уред
- До поднесувањето на барањето да е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут
- Станбениот објект да не е во фаза на градба, да е легално изграден и евидентиран во Агенцијата за катастар на недвижности и во него да живее барателот и истиот да е на територија на општина Пробиштип
- Да има платено данок на имот за станбениот објект каде што ќе биде инсталиран уредот, заклучно со годината за која е распишан Јавниот повик
- Само едно лице од домаќинството може да поднесе барање за добивање надоместок исклучиво за само еден уред

**3.Потребни документи за учество на Јавниот Повик**

Барателот за исполнување на условите од Јавниот повик, со барањето ги доставува следниве документи:

- Пополнет Образец за Јавниот повик за доделување на субвенции за набавка на инвертер клима уред
- Фотокопија од лична карта
- Фискална сметка или фактура и извод од банка за извршената уплата или Договор за плаќање на рати со прилог за платена прва рата (оригинал или фотокопија заверена на нотар)
- Фотографија од печката на дрва, јаглен, нафта или мазут која е користена
- Фотокопија од трансакциска сметка
- Потврда за платен данок на имот за станбениот објект за тековната година

- Изјава заверена кај нотар дека нема користено субвенции од кој било извор во Република Северна Македонија за набавка на инвертер клима уред
- Имотен лист за објектот со адреса на подрачјето на општина Пробиштип каде е вграден инвертер клима уредот.

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

Барањата за субвенционирање за набавка на инвертер клима уред и другата документација во прилог, се доставуваат во затворен плик до „Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима уред" во архивата на Општина Пробиштип, на адреса ул.Јаким Стојковски бр.1 Пробиштип, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

На пликот треба да е наведено: „Јавен повик за субвенционирање на граѓаните за набавка на инвертер клима уред".

Архивата на Општина Пробиштип примените барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

Образецот на барање и образецот на изјава, ќе бидат достапни на веб страницата на Општина Пробиштип, www.probistip.gov.mk и во архивата на општина Пробиштип.

**5.Начин на одобрување**

Одобрувањето на субвенцијата за набавка на инвертер клима уреди за граѓаните од општина Пробиштип ќе го врши Комисија која има право да врши увид на лице место.

Одобрувањето на субвенцијата за набавка на инвертер клима уреди ќе се врши по принципот „прв дојден-прв услужен„.

**6. Јавен Повик**

Заинтересираните граѓани ќе може да бараат субвенција по распишувањето на Јавниот повик за тековната година и ќе трае до крајот на ноември во тековната година односно до искористување на предвидените средства. Јавниот Повик ќе биде објавен на Огласна табла, на веб страната и на Фејсбук профилот на Општина Пробиштип.

**7. Комисија**

Комисија формирана од Градоначалникот го распишува Јавниот Повик, ги разгледува пристигнатите барања и документацијата во прилог, прави листа со податоци за лицата кои ги исполнуваат условите за користење на субвенција за инвертер клима уред, врши теренски увид кај сите баратели кои имаат доставено уредна и комплетна документација со цел да утврди дека купената инвертер клима е инсталирана во живеалиштето по личната карта на барателот, дека станбениот објект не е во фаза на градба и барателот во него живее и дека барателот бил корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут.

**8. Исплата на средствата**

Градоначалникот на Општина Пробиштип на предлог на Комисијата донесува Решение за усвојување на барањето за барателите кои ги исполниле условите од овој Јавен повик и Решение за исплата на субвенцијата за инвертер клима уред. Во случај на неусвојување на Барањето, на предлог на Комисијата, Градоначалникот на Општина Пробиштип дава писмено известување за одбивање на Барањето.

Изготвил:Тони Геров
Контролирал:Ирена Бошковска
Одобрил:Билјана Ефтимова

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Драган Анастасов**